# Д Е Л О В Н И К

**За работа на**

**СОБРАНИЕТО МРЕЖАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД  РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Собранието на МГЗВ во РМ работи на пленарна седница;

2. Со седницата раководи Координаторот;

3. На почетокот на седницата се одредуват двајца записничари и верификациона комисија во состав од 3 члена. По завршената работа двајцата записничари се потпишуваат на записникот го предаваат на верификационата комисија. После заверката истиот се архивира.

4. Во работата на Собранието учествуваат претставници на членките МГЗВ ;

5. Сите членови на Собранието имаат право на глас и гласаат јавно или тајно согласно претходна одлука на КТ;

6. Јавното гласање се врши со подигање на рака;

7. Тајното гласање се врши на претходно подготвени и заверени ливчиња со имиња на кандидатите и гласачка кутија, а за текот на гласањето и резултатите се грижи верификационата комисија;

8. Зависно од тоа каква одлука се носи, истата може да се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството од делегатите /50% + еден глас како и со 2/3 мнозинство во случај на усвојување и промена на статут, усвојување на Стратешка програма како и годишен оперативен план;

9. Право на дискусија на Советот имаат сите делегати. Заради порационална употреба на времето, дискусијата на пленарната седница е ограничена на 10 минути, со право на реплика од 2 минути. Од ова правило се исклучени уводното излагање и поздравниот говор на поканетите гости;

10. Заради ефективна работа на Советот секоја дискусија надвор од дневниот ред ќе биде прекината од страна на Работното претседателство на Собранието.

11. Деловникот за работа влегува во сила од моментот на усвојување.